### МАКЕДОНИЈА И ВЕНЕЦИЈАНСКОТО БИЕНАЛЕ

# Уметноста е единствено сигурно место во животот

*И покрај одлуката на министерот за култура да не се учествува на Биеналето во Венеција и и покрај бројните недоразбирања што ги предизвика изборот на учесникот, авторката Искра Димитрова успеа да направи своевиден подвиг и да присуствува на Венецијанското биенале*

”Гондола со мртовечки ковчег кружи по каналите и по фреквентните станици во Венеција, придружена со монотон звук. Стројниот гондолиер на микрофон, на англиски и на италијански јазик, го говори текстот на една романтична бајка. Во ковчегот, кој нема дно, е поставено огледало по целата должина, така што во него се огледува небото и можеби по некој љубопитен гледач“. Вака авторката Искра Димитрова го замислува проектот ”Прекрасни суштества“ (Цреатуре Меравиглиосе), со кој ќе се претстави во Венеција, во првите три дена на Венецијанското биенале.

Проектот е самостојно организиран, со посредство на студиото ”Азура“ и благодарение на разбирањето на спонзорите, Македонија, иако неофицијално, сепак, ќе биде претставена во Венеција.

”Во основа“, вели Искра ”тоа е истиот проект што под тоа име беше презентиран минатата година во галеријата ЦИХ. Во него се присутни два елемента: ковчегот, како симбол за тоа што е реално, земско, минливо и, особено, како симбол на актуелната сурова реалност, и текстот на бајката, како симбол на романтичноста, иделизмот. Во Венеција тие елементи уште повеќе се потенцираат. Таа е како измислена за проектот“.

Проектот го обработува парадоксот на животот, а и Венеција е град на парадокси. Двата нејзини основни контрапункта се нејзиниот романтичен елемент, како град на вљубените и на романтиката, од една страна, и Венеција на Томас Ман, на воздишките на осудениците и на гондолите како своевидни мртовечки ковчези, од друга.



”Се восхитувам на високата свест на спонзорите, кои имаа разбирање за значењето на презентацијата на македонската национална култура на оваа манифестација“ изјавува Искра Димитровска, нагласувајќи ја драгоцената помош на ”Фершпед“, ”Лотарија на Македонија“, ”Скенпоинт“, ”Реплек“, ”Авиоимпекс“, ”Бутел“, ”Макпетрол“, ”Метал - Скопје“, ”Пивара“, ”Кометал“, ”Алкалоид“.....

”Проектот го презентира мојот личен став кон уметноста како единствено сигурно место во животот, т. е. смислата на реалноста во која се наоѓаме ја барам во иронијата, со која е проткаен самиот уметнички чин“ вели Искра.

Според зборовите на авторката, проектот треба да е протест, а иронијата е во тоа што протестот се искажува со романтична бајка. И самата нејзина упорност во, речиси, невозможни услови да успее да го реализира овој проект - е своевиден протест. ”Да, протест е зашто нема земја, нема галерија, па пароектот е нестабилен од повеќе аспекти, па и од политички, затоа што доаѓам од Македонија“.

Гондолата со проектот на Искра Димитрова ќе застанува на неколку попатни станици, меѓудругото и на Џардини, каде што се наоѓаат националните павилјони на земјите учеснички на Биеналето. ”Немам бенефиции од учеството“ вели Искра. ”Важно е да се види тоа што го работам и сметам дека ова е вистински момент Македонија пред светот да се појави со една друга, поубава димензија, сега кога политички е толку актуелна“.

J.Ф.